- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе приложат образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци предвидени во образецот во пишана и електронска верзија (електронска пошта и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата, кое се доставува до надлежното Министерство .
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет (Буџетот на дотации) ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до надлежното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

**Член 12**

На членовите на Совет на Општина Пехчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Пехчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општина Пехчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општина Пехчево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Регресот за годишен одмор за вработените во општинската администрација изнесува 60 % од просечна исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката, објавена до денот на исплатата.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна од организаторот, му следуваат 20 % од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Износот на дневниците за службено патување во странство се исплатуваат согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на управување, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 15**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за лична идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 16**

Во случај на заминување на работникот, вработен во Општината и/или локалната јавна установа, во пензија му се исплатува надоместок за отпремнина во двократен износ на пресметана просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програмите Н1 - основно образование, В1 - детски градинки, К1 - библиотекарство и К2 - музичко и сценско-уметничка дејност на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) во програма А0-Совет на општина, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2020 година одлучува Градоначалникот на општина Пехчево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации;
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Пехчево .

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

**Член 23**

Општината и локалната јавна установа водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

**Член 24**

Буџетот на Општина Пехчево се извршува од 1 јануари до 31 декември 2020 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пехчево", а ќе се применува од 1 Јануари 2020 година.

Бр.08-1631/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/4 — Градоначалник на
16.12.2019 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2020 година.

Бр.08-1632/1 — Совет на општина Пехчево
16.12.2019 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/5
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2020 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2020 година се утврдува во износ од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1633/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/6
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 27 став 3 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018) и член 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево, бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2021 година**

| Можен датум | Б у џ е т с к и   а к т и в н о с т и | Одговорност |
|---|---|---|
| Декември 2019-Март-2020 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Пехчево |
| Септември 2020 | Се доставуваат формулари (обрасци) за изготвување на месечни, квартални и годишни планови до единките корисници | Градоначалник Одделение за финансиски прашања |
| 01-30/09/20 | Министерот за финансии доставува Буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите на Буџетот на РМ, кој им го доставува на општината | Министерство за финансии - член 21 од Законот на Буџетите („Сл. Весник на РМ“ бр.64/04); член 27 ст.1 и 2 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл. весник на РМ“ бр.61/04) |
| 05/10/2020 | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на | Градоначалникот, Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| | буџетот за наредната година | |
| 10/10/2020 | Буџетските информации се доставуваат до другите одделенија на општината и до сите општински единки -корисници | Одделение за финансиски прашања |
| 25/10/2020 | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и од општинските буџетски корисници | Одговорни лица Буџетски корисници |
| 30/10/2020 | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализират и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Одделение за финансиски прашања |
| Ноември 2020 | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог-буџетски пресметки и го одобрува Предлог-Буџетот подготвен од Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| Ноември / Декември 2020 | а. Предлог-Буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се одобрува содржината на Предлог-Буџетот и се дава на достапност на јавноста | Градоначалник |
| Декември 2020 | До Советот се доставува конечен Предлог - Буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| Декември 2020 | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за финансирање Буџет и ЛЕР |
| Декември 2020 | 1.Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната год.<br>2.Доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно член 28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл. весник на РМ“ бр.61/04) | Совет на општина Пехчево |
| 1 Јануари 2021 | Започнува нова Буџетска година | Градоначалник Одделение за финасиски прашања |

Буџетскиот календар влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

**Образложение кон Буџетскиот календар**

Со Законот за финансирање на ЕЛС се утврдуваат процедурите за подготвување и донесување на Буџетскиот календар на ЕЛС. Со член 27 во став 4 и 5 од овој Закон се утврдуваат обврските на

општината во однос на донесувањето на Буџетскиот календар од страна на Советот на ЕЛС. Истовремено се утврдуваат основните активности кои треба да се спроведуваат во утврдените рокови со цел да се изврши добра подготовка и планирање на буџетот за наредната фискална година. Предлог - буџетскиот календар кој овој Совет треба да го усвои се однесува на фискалната 2020 година.

Со Буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои е потребно да се спроведат неопходните активности кои ги презема Градоначалникот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници. Врз основа на утврдените приоритети на општината и целите кои што треба да се постигнат во одредени области за конкретни активности, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до Градоначалникот. По изготвувањето на буџетот, Градоначалникот го доставува Предлог - Буџетот за 2021 година до Советот на општина Пехчево, кој до 31.12.2020 година треба да го усвои, а од 01.01.2021 година почнува нова буџетска година со нов Буџетски календар.

Бр.08-1634/1<br>16.12.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за формирање на општински совет за социјална заштита**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/7
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. весник на Република Македонија" бр.5/02) и во согласност со член 141 и 142 од Законот за социјална заштита ("Сл. весник на РСМ" бр.104/19) и член 30 став 1 точка 10 од Статутот на општина Пехчево ("Сл.Гласник на општина Пехчево" бр.06/16 и 05/19), Советот на општина Пехчево на 26-та седница одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на општински Совет за социјална заштита**

**Член 1**
Со оваа Одлука се формира општински Совет за социјална заштита на општина Пехчево.

**Член 2**
Општинскиот совет за социјална заштита на општина Пехчево е составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од обласа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција и/или јавно обвинителство.

**Член 3**
Општинскиот совет за социјална заштита изготвува Социјален план за подрачјето на општина Пехчево.

**Член 4**
Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги како и специфични потреби за развој на социјални услуги во општината.

**Член 5**
Градоначалникот на општината врз основа на Социјалниот план изготвува Годишна програма за социјална заштита која ја донесува Советот на општината.

**Член 6**

Членови на Општинскиот совет за социјална заштита на општина Пехчево се:

1. Нада Симовска - граѓанско општество
2. Коле Колев - здравство
3. Трајанка Беќарска - социјални услуги
4. Даниела Чочевска - социјални услуги
5. Лилјана Бојчовска - МЦСР
6. Даниела Станоевска - МЦСР
7. Магдалена Поповска - образование
8. Даниела Капушевска - здравство
9. Мустафа Дуровски - немнозински заедници
10. Јованка Пешначка - образование
11. Васко Механџиски - ПО Пехчево
12. Слободан Мицевски - вработување
13. Елица Јовевска - општинска администрација
14. Љупчо Каракашовски - општинска администрација

**Член 7**

Мандатот на членовите на општинскиот Совет за социјална заштита е 4 (четири) години.

**Член 8**

Одлуката стапува на сила веднаш по донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Сл. Гласник на општина Пехчево,,

Бр.08-1635/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1657/8 | Градоначалник на |
| 16.12.2019 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Драган Тренчовски с.р |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен Весник на РМ" бр.6/12, 166/2014) и член 44 од Статутот на општина Пехчево („Службен Гласник на Општина Пехчево" бр. 06/2016 и 05/2019), а согласно Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) и Акцискиот план на општина Пехчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.08-1288/1 од 27.09.2019 година, (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) Советот на општина Пехчево на 26-та седница, одржана на ден 16.12.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2020 година**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, општина Пехчево има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Пехчево. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Пехчево како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи а особено жртвите на семејно насилство и самохраните мајки, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2020 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на општината (социјална заштита, образование,култура, спорт и сл.).

- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи , настани, манифестации и едукации.

- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

**1. Човекови права и родова еднаквост**

Подобласт - Политика
Подобласт - Родово базирано насилство
Подобласт- Економија

**2.Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**3. Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

**4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во општина Пехчево**

1. **Човекови права и родова еднаквост - Подобласт – Политика**

| **ПРИОРИТЕТ 1:** Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции; | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции за 10% до крајот на 2022 во однос состојбите во 2018 година во сектори и одделенија во општинската администрација така и во комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции | | | | | | | | |
| ***ОЦ 1.1. Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2022 година, преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури на политичките партии*** | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | ***Очекувани резултати*** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 1. Жените и мажите, пропорционално застапени - рамноправни партнери во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во периодот 2020 - 2022 | •Изработка на план за спроведување на едукативни работилници<br>•Организирање на едукативни работилници за раководните структури на партиите.<br>•Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Пехчево | 1.1 Изработен план за спроведување на едукативни работилници<br>1.2 Организирана и спроведена една работилници во првата половина на 2021год.<br>1.3 Организирана и спроведена една годишна презнтација за промоција на состојби /податоци и информации/ поврзани со родовата еднаквост и бројот на жени вклучен во Советот и | 1.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br><br>1.2.1 Број на организирани и спроведени работилници<br><br>1.3.1. Зголемен број на жени на листите за советници на следните локалните избори (2021) за 10% во општината во однос на локалните избори во 2017<br><br>1.3.2 Зголемен е бројот на жени во раководните структури на локалните јавни институции за 10% во однос на состојбите констатирани во | 2020 - 2021 | -Општина Делчево<br>-КЕМ<br>-НВО | 30.000 | - Општина Пехчево<br>-Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции | декември 2018 | | | | | |

2. **Човекови права и родова еднаквост - Подобласт – родово базирано насилство**

<table>
<tr><td colspan="9">ПРИОРИТЕТ 2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство</td></tr>
<tr><td colspan="9">СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: <u>Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство до крајот на 2022 година.</u></td></tr>
<tr><td colspan="9">ОЦ 2.1: Најмалку 10% од вработените кадри во локалните институции да бидат едуцирани за навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општина Пехчево на годишно ниво, до крајот на 2022год.<br>ОЦ 2.2:Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности/трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство.<br>ОЦ 2.3 Иницијатива за отворање на регионален шелтер центар за жртви од родово базирано насилство, до крајот на 2022 година</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Проект</td><td rowspan="2">Мерки/Активности</td><td rowspan="2">Очекувани резултати</td><td rowspan="2">Индикатор</td><td rowspan="2">Рок</td><td rowspan="2">Можен реализатор</td><td colspan="3">Буџет</td></tr>
<tr><td>Колку</td><td>Извор</td><td>Коментар</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавањ е на формите на родово базирано насилство во Општина Пехчево, во периодот 2020 -2022 | •Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Пехчево<br>•Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>•Избор место на одржување<br>•Техничка помош<br>•Избор на едукатор<br>•Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | 2.1. Спроведено едно истражувања /Инструмент: Анкета/ во општината до крајот на 2020год.<br>2.2. Подготвен план за едукација за родова еднаквост кој ќе вклучува: избор на место, техничка помош и избор на едукатор до крајот на јануари 2020г.<br>2.3. Едукативни настани во општината до крајот на 2020год.<br>2.4. Најмалку 1/3 од вработените во локалните институции да бидат вклучени во едукативните настани | 2.1.1 Број на спроведени истражувања<br>2.2.1. Подготвен план во предвидениот рок<br>2.3.1. Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани | 2020 -2020 | КЕМ<br>Општина Пехчево<br>НВО | 20.000 | Општина Пехчево<br>НВО<br>МТСП | |
| 3.Едуцирани и силни - Вклучување на 100 жени од општината на годишно ниво во едукативно едукативни форми за промоција на заштитните | •Спроведување на истражување за жртви од родово базирано насилство преку прибирање на податоци од Центар за социјална работа, образовните институции, НВО-и и други надлежни институци | 3.1 Спроведено едно истражувања за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во општината до крајот на 2020г. | 3.1.1 Број на спроведени истражувања<br>3.1.2. Број на подготвени документи насловен извештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од | 2020 | ЦСР<br>НВО<br>КЕМ | 20.000 | Општина Пехчево<br>НВО<br>МТСП | За 30 жени – работилниц а 10.000<br>Експерт 6.000<br>Техничка поддршка 4.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| механизми што ги нуди домашното законодавство за против родово базирано насилство. | | | родово базирано насилство во предвидениот рок | | | | | |

## 3. Човекови права и родова еднаквост - Подобласт - економија

| **ПРИОРИТЕТ 3:** Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можностите на жените од општина Пехчево | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:** *Економско јакнење на жените од општина Пехчево со намалување на стапката на невработеност кај жените за 10% до крајот на 2021 година, преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)* | | | | | | | | |
| **ОЦ 3.1.** Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од Општина Пехчево, во програмите и мерките на АВРМ, до крајот на 2021 година. | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 5. Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | •Изработка на план за информативни работилници<br>•Организирање на трибини со претставници на АВРМ, АППРМ за нивно вклучување во информативните работилници<br>•Организирање и спроведување на информативните работилници (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација)<br>•Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста<br>•Медиумска промоција | 5.1.Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените<br><br>5.2. Вклучени во информативни настани најмалку 50% од сите жени пријавени како баратели на работа во АВРМ | 5.1.1.Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените во предвидениот рок<br><br>5.2.1. Процент на жени пријавени како баратели на работа во АВРМ кои како целна група биле вклучени во настани од кампањата | 2020 | -АВРМ<br>-Општина Пехчево<br>-КЕМ<br>-НВО | 30.000 ден. | Општина Пехчево<br>-НВО<br>-МТСП | 1.Работилница за 20 лица =10.000 ден<br><br>2.Работилница за 40 лица =20.000 ден. |

## 4. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

| **ПРИОРИТЕТ 4:** Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници), заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** *Активирање на најмалку 2/3 од локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Пехчево до крајот на 2022, заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.* | | | | | | | | |
| **ОЦ 4.1** Поттикнување на активните урбани заедници во Општина Пехчево,во создавање услови за едукација на 20% од жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики, во периодот март-јуни секоја година, до крајот на 2022.<br>ОЦ 4.2 Поттикнување на активните месни заедници во Општина Пехчевово зимскиот период од 2020 до 2022 година, во создавање на услови за едукација на најмалку 40% од жените во руралните средини во активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локалните јавни политики. | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 6.Активни урбани заедници во Општина Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Редовни шестмесечни информативно-едукативни настани<br>• Формирање на листи на жен<br>• Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални | 6.1 Организирани шест едукативни настани во Општина Пехчево<br>6.2 Вклучени најмалку 60 жени од маргинализираните групи во едукативни настани за партиципација во процеси | 6.1.1 Вкупен број на жени вклучени во едукативни настани<br>6.2.1. Број на вклучени жени по настан<br>6.3.1. Број на подготвени листи на жени во | 2020-2022 | -Општина Пехчево | 20.000 ден. | Општина Пехчево<br>-НВО<br>-МТСП | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | настани, проекти, и политики<br><br>• Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | за креирање јавни политики<br>6.3 Креирана една листи на жени кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики за Пехчево<br><br>6.4 Подготвени 1000 брошури за информирање за локални настани и проекти до крајот на 2022.<br>6.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените при | предвидениот рок<br><br>6.4.1.Број на дистрибуирани брошури<br><br>6.5.1. Број на објави по медиуми<br>6.5.2. Број на медиуми кои објавиле пости и информации<br>6.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br><br>6.6.1. Усвоен извештај од | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | креирање на локални јавни политики<br><br>6..6.Подготвен годишен извештај за вклученоста на жените од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | советот на општината до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 | | | | | |
| **7**. Активни рурални заедници во Општина Пехчево носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Редовни шестмесечни информативно-едукативни настани<br><br>• Формирање на листи на жени за учество на едукативни настани | 7.1Организирани 2 едукативни настани во ОпштинаПехчево<br><br>7.2 Вклучени најмалку 60 жени од руралните средини во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>7.3 Креирани 1 листи жени од руралните | 7.1.1Вкупен број на жени вклучен во едукативни настани<br><br>7.2.1. Број на вклучени жени по настан<br><br>7.3.1. Број на подготвени листи | 2020-2022 | Општина Пехчево, НВО | 50.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | средини кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики за Пехчево<br>7.4. Подготвени 1000 брошури за информирање од руралните средини за локални настани и проекти до крајот на 2022. | на жени во предвидениот рок<br><br>7.4.1.Број на дистрибуирани брошури | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти и политики<br><br>• Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 7.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените од руралните средини при креирање на локални јавни политики<br><br>7.6 Подготвен годишен извештај на ниво на регион за вклученоста на жените од од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 7.5.1. Број на објави по медиуми<br>7.5.2. Број на медиуми кои објавиле постови и информации<br>7.5.3.. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br><br>7.6.1. Усвоен извештај од советите на општините до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 | | | | | |

5. **Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

**ПРИОРИТЕТИ**

**5.** Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради индиректна едукација на учениците

**6.** Родова сензибилизација на сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Пехчево

**СЦ 5 :**<u>*Родова сензибилизација на најмалку 2/3 од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во Општина Пехчево, заради личен пример и индиректна едукација на учениците во однос на родовата еднаквост и еднаквите можности во периодот 2020 – 2022год.*</u>

**СЦ 6**:<u>*Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Пехчево за подигнување на свеста кај вработените за родоварта еднаквост*</u>

**ОЦ 5.1** Да се креира програма за родова сензибилизација преку едукација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во ОпштинаПехчево до крајот на 2020 година.

**ОЦ 5.2** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднакввост за најмалку 50 лица од ООУ и СОУ на годишно ниво во период од 2020 - 2022 година.

**ОЦ 6.1** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднаквост за менаџери и сопственици на мали и средни претријатија во период од 2020-2022 год.

| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Колку** | **Од каде** | **Коментар** |
| 8. Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од општината заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани во основните и средното училиште, на годишно ниво, во предметниот период | 8.1 Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br>8.2 Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/<br>8.3 Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот | 8.1.1 Подготвен план во предвидени от рок<br>8.2.1 Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидени от рок<br>8.3.1 Број на организира | 2020 - 2022 | Општина Пехчево, Основни и средни училишта, НВО | 30.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 -2022 во општина Пехчево<br><br>8.4. Во едукативните настани да бидат вклучени најмалку 50 лица годишно во ОпштинаПехчево | ни настани<br>8.3.2 Вкупен број на лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта вклучен во едукативни настани<br>8.4.1 Број на вклучени лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта по настан | | | | | |
| 9. Со едукација до родова сензибилизација на сопственици и оперативни менаџери од мали и средни претпријатија за подигнување на свеста кај вработените за родовата еднаквост | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатор<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани за менаџери од мали и средни претпријатија | 9.1.Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br><br>9.2. Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/ | 9.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br>9.2.1 Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидени | 2020 - 2022 | 30.000 | Општина Пехчево,НВО, Донатор | 20% од сопствениците | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | за подигнување на свеста кај вработените за родовата еднаквост | 9.3 Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2020 -2022<br><br>9.4. Во едукативните настани да бидат вклучени 20% од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Пехчево | от рок<br><br>9.3.1 Број на организирани настани<br><br>9.3.2 Вкупен број на лица од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Пехчево вклучен во едукативни настани<br><br>9.4.1 Број на вклучени сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | средни претпријатија од Пехчево по настан | | | | | |

## 6. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во општина Пехчево

| **ПРИОРИТЕТ**<br>7. Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Општина Пехчево | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СЦ 7:** Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Пехчево | | | | | | | | |
| **ОЦ 7.1**. Изработен деловник за работа на КЕМ од ОпштинаПехчево<br>**ОЦ 7.2** Изработена годишна програма на КЕМ за 2020 година врз основа на постоечките документи за Општина Пехчево<br>**ОЦ 7.3** Иницијатива за усвојување на годишните оперативни програми на КЕМ за Општина Пехчево до Советот на општината најдоцна до јануари 2020 г.<br>**ОЦ 7.4** Иницијатива за усвојување на Деловникот за работа на КЕМ на Општина Пехчево и вметнување на Деловникот за работа на КЕМ во Статутот на општината, најдоцна до Мај 2020 г. | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Од каде** | **Коментар** |
| 10. Изработка на Деловник за работа на КЕМ од Пехчево за за 2020 до крајот на јануари 2020 | • Анализа на постоечките документи и законска регулатива<br>• Работилница за изготвување на нацрт - Деловник за работа на КЕМ на Општина Пехчево<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на нацрт - Деловникот за работа на КЕМ од Општина | 10.1 Изработен деловник за работа на КЕМ од Пехчево до крајот на јануари 2020<br>10.2 Изработена Годишна програма за работа на КЕМ | 10.1.1 Изработен Деловник за работа на КЕМ од Пехчево во предвидениот рок<br>10.1.2 Усвоени Деловник за работа на КЕМ од Пехчево од страна општинскиот совет во предвидениот рок | 2019 - 2022 | Општина Пехчево, НВО | 90.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пехчево<br>• Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општинатаПехчево<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за Општина Пехчево<br>• Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на ОпштинаПехчево за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ<br>• Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br>• Лобирање кај советниците за усвојување на годишната оперативна програми. | одПехчево за 2020 до крајот на јануари 2020 | 10.2.1. Изработена годишни програми за работа на КЕМ од Пехчево за 2020 во предвидениот рок<br>10.2.2. Усвоена годишната програма за работа на КЕМ од Пехчево за 2020 во предвидениот рок од општинскиот совет. | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Пехчево.

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2020 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Пехчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку одделение за правни, општи работи и јавни дејности при Општина Пехчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево“.

Бр.08-1636/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/9
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на советот за 2020 година.

**Член 2**

Програмата за работа на советот на општина Пехчево за 2020 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1637/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 16.12.2019 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пехчево за 2020 година

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на РСМ, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2020 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2020 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

| Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2020 година |
|---|

**1. Завршна сметка на општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**2. Донесување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2020 година**
Изработува: Комисија за изготвување на програма за работа на советот на општина Пехчево
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**3. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**4. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населениеот од заразни болести во 2020 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево
**5. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**

Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2020 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**8. Годишен план за јавни набавки за 2020 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**9. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2020 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево
Реализира ЈПУД Равен - Пехчево

**12. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**13. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР

Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**14. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2020 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**15. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**17. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**20. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2020 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**21. Програма за изработка на Урбанистички планови на територијата на општина Пехчево за 2020 година**
Изработува: одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Донесува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Април - Јуни 2020 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2020 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2020 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2019-2020 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2019 - 2020 година**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2019 - 2020 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортски терении и објекти во општина Пехчево, за 2020 година**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2020 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи и животна средина и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2020 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2020 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2020/2021 год**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2020/2021 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2020 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Годишен извештај за Јавната безбедедност на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Информација за наплата на комуналните такси во 2020 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2020 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Октомври - Декември 2020 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2020 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2021 година**
Изготвува : Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2020/2021 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2020 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, што ќе бидат донесени во текот на 2020 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2020 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

Бр.08-1637/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Извештајот за работа на Полициската канцеларија - Пехчево за прво полугодие од 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Полициската канцеларија - Пехчево за прво полугодие од 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/10
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 05/2002), член 25 став 1 од Законот за полиција (Сл.весник на РМ бр.114/2006……..64/2018) и член 30 став 1 точка 34 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работа на Полициската канцеларија - Пехчево за прво полугодие од 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево го усвојува Извештајот за работа на Полициската канцеларија Пехчево за прво полугодие од 2019 година.

**Член 2**

Извештајот за работа на Полициската канцеларија Пехчево за прво полугодие од 2019 година бр. 35.2.3-173/19, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1638/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 14.10.2019 г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 01 | 1373/2 | | |

Арх. знак: ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ШТИП
Полициска станица од општа надлежност – Берово
Полициска канцеларија - Пехчево

Ев.бр.35.2.3- 173 /19

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА ПЕХЧЕВО ЗА I ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА

Пехчево
Јули 2019 година

Полициската канцеларија -Пехчево, која работи во склоп на ПС од ОН Берово, во изминатото прво полугодие од 2019 година, со максимално ангажирање и професионален пристап кон секој безбедносен настан, во рамките на постоечките законски и подзаконски акти од своја надлежност, успешно ја оствари својата безбедносна функција и одржа поволна севкупна безбедносна состојба на подрачјето што го покрива.

Генерално , безбедносната состојба на подрачјето што го покрива ПС- Берово се цени како стабилна и позитивна гледано според обемот и тежината на инкриминациите како и во поглед на јавниот ред и мир кој во наведениот период бележиме намалување по сите параметри , со правилна алокација на ресурсите и системскиот пристап во справување со безбедносните проблеми адекватно се парираше на постојните безбедносни проблеми.

Во текот на првото полугодие од 2019 година, во **областа на криминалитетот**, регистрирани беа вкупно 9 (14) кривични дела, при што обемот на криминалитетот во споредба со истиот период од претходната година бележи треид на намлување од 36%.

Во **областа на јавниот ред и мир**, присутен е тренд на намалување на бројот на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните за 13% или 13 (15 ) во споредба со мината година, за исто толку 13% намален е и бројот на прекршоците, додека бројот на стоителите на прекршоци е зголемен за 30% или 27 (20).

Во **областа на сообраќајот**, вкупниот број на **сообраќајни незгоди** изнесува 8 (6) и во споредба со лани истите се зголемени за 33%, бројот на сообраќајните незгоди со потешки последици е ист како и лани 1 (1), додека пак бројот на сообраќајните незгоди со материјална штета е зголемен за 40% 7 (5) во однос на претходната година.

Превентивната активност е спроведувана во рамките на соработката со населението, преку пишувани соопштенија и апели до граѓаните со што беа постигнати задоволителни резултат.

За одржување на мирна и стабилна безбедносна состојба на нашето подрачје активностите на полициските службеници воглавно беа насочени кон секојдневно следење на состојбата од тековно пријавените настани, во одржување на редот при одржување на јавни собири, во обезбедување на спортски натпревари, на културни манифестации, на значајни државни и верски празници, во давање на асистенции на други државни органи и во сите случаи на побарани интервенции од страна на граѓаните, како и проверки по пријави од граѓани за разни корумпирани однесувања или злоупотреби на службената положба.

Во изминатиот период на нашето подрачје не се регистрирани нарушувања од поголеми размери кои би ескалирале во потешки облици на нарушувања од тековните пријавени настани, од одржаните протести, собири, спроведени контроли, обезбедувања на спортските натпревари како и други активности при одржување на јавниот ред и мир

Во областа на **к л а с и ч н и о т к р и м и н а л и т е т** евидентирани се вкупно 3 (4) кривични дела, за кои против3 (4) лица до надлежни Јавни Обвинителства поднесени се 3 (4) Кривични Пријави.

Сите 3 регистрирани кривични дела во оваа област биле извршени од стрна на непознат сторител , и при превземањето на оперативно тактички мерки и дејствија 2 кривични дела биле расветлени со што е постигнат процент на ефикасност од 67% во растетлувањата на кривичните дела со непознат сторител од овој вид криминалитет.

Во вкупната маса на кривични дела од обалста на класичниот криминал, регистрирано е 1 кривично дело „Тешка кражба", 1 кривично дело „Тешки дела против општата сигурност на луѓето"и 1 кривично дело „Нанесување на Тешка телесна повреда "сторена од страна на малолетник врз малолетно лице за кои поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела, кривично се пријавени 2 лица од кои 1 полнолетен и 1 малолетен .

Со цел за намалување и елиминирање на насилствата и нетрпеливоста помеѓу младите и вршењето на кривични дела особено од страна на **малолетната популација**, ПСод ОН Берово преку своите служби превземаше активности за превентивно делување преку контакти со директорите, педагозите и психолозите во училиштата, како и со центарот за социјални работи, Јавното Обвинитество, како и со други надлежни институции.

Во изминатиот период од годината полицијата активно работеше и се ангажираше и во реализацијата на кривичните дела за кои гонењето се превзема по **приватна тужба**. При што пријавени се 4 кривични делаод кои 3 биле сторени од страна на непознат сторител а 1 било со познат сторител и при работата по кривичните дела со непознат сторител 1 к.д. е расветлено а оштетените се известени дека согласно Законот, гонењето се превзема по приватна тужба.

Во делот на **е к о н о м с к и о т к р и м и н а л и т е т** евидентирани се 5 (0) кривични дела од кои 1 „Незаконит лов" за кое проив 1 сторител поднесена е 1 кривична пријава и 4 кривични дела биле „Злоупотреба на службената положба и овластување" за кои против 2 лица од кои ениот сторител се јавува како повторник при извршувањето на кривични дела , до надлежни обвинителства поднесени се 4 кривични пријави..

Во текот на изминатото прво полугодие од 2019 година, ПС од ОН Берово - ПК Пехчево, согласно насоките на владата за превземање поорганизирани активности за заштита на шумскиот фонд, во содејство со шумска полиција, спроведе редовни контроли над возачи и моторни возила кои вршат превоз на дрвна маса во рамките на ОА „Гора"при што не се откриени кривични дела или прекршоци .

Во делот на **н е д о з в о л е н а т а т р г о в и ј а с о о р у ж ј е и д р о г а** откриени се и реализирани вкупно 1 кривично дело и тоа од НТ со дрога, за кое против 1 сторител до надлежни ОЈО поднесена е 1 кривична пријава а додека во делот на НТ со оружје во текот на првото полугодие од 2019 г. не се регистрирани кривични дела .

Во областа на НТ со дрога, откриени се 3 прекршоци предвидени во чл.20 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, за кои против 3 сторители, до надлежен суд, поднесени се 3 Барања за поведување на прекршочна постапка, а во НТ со оружје откриен е 1 прекршок од Законот за оружје за кој на сторителот му е издаден платен налог и истиот го наплатил , па со оглед на тоа не е проследено Барање за поведување на прекршочна постапка.

Во делот на **о р г а н и з и р а н и о т к р и м и н а л и т е т**, на подрачјето на ПК Пехчево нема регистрирано кривично дело .

Во делот на **пограничните работи,странци и патување на наши граѓани во странство,** во текот на првото полугодие од 2019 година, својот престој на подрачјето на Пехчево го пријавиле вкупно 398 странски државјани, споредбено со истиот период од минатата година кога на подрачето престојувале 416 лица од други држави, забележано е благо намалување за 4% . При посетата и транзитирањето низ подрачјето од страна на станските држајнани не се сторени кривични дела, ниту прекршоци, па и покрај зголемениот број на посети на подрачјето од страна на страиските државјани состојбата на подрачјето се цени како поволна.

Од вкупно пријавените посети, 76 биле пријавени како приватни посети и 322 од странските државјани на подрачјето престојувале како туристи.

Во делот на патувањето на наши граѓани во странство, издадени се вкупно 186 патни исправи од кои 89 за прв пат, а на 96 пасоши е извршена замена а издадена е 1 патна исправа - дупликат .

Во областа на **јавниот ред и мир,** активностите на службата воглавном беа насочени кон обезбедување на мирен и спокоен живот на граѓаните, како и обезбедување на услови за непречено остварување на нивните права и слободи и заштита на нивниот физички и личен интегритет.

Иако, во текот на изминатиот период од годината во повеќе наврати полицијата беше ангажирана на испомош во други безбедносни подрачја во државата, сепак на подрачјето што го покрина ПС од ОН Берово и ПК Пехчево безбедносната состојба во тој дел е на задоволително ниво.

Во изминатиот период од 2019 година, јавниот ред и мир на подрачјето на ПК Пехчево бил нарушен во 13 (15) случаи при што сторени се 13 (15) прекршоци од страна на 27 (20) лица.

Во споредба со првото полугодие од 2018 година бројот на нарушувањата на јавниот ред и мир е намален за 13%, за исто толку намален е и бројот на сторени прекршоци, додека бројот на сторителите на прекршоци е зголемен за 35%.

Од вкупно регистрираните прекршоци најзастапени се:
- учество, предизвикување и поттикнување на тепачки – 6 (5);
- физички напад – 0 (3);
- кој без заштитни средтва чува куче – 2 (3).

Во делот на јавниот поредок во текот на полугодието не се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.

Во рамките на превентивното делување и примената на овластувањата примени се вкупно 58 (73) поплаки, по разни основи предупредени се 63 (92) лица.

По барање на други органи и организации, полицијата асистирала, но во ни еден случај не е интервенирано.

Во областа на **безбедноста во сообраќајот,** активностите на полицијата воглавном беа насочени кон обезбедување на што подобри услови за нормално и непречено одвивање на сообраќајот, како и превземање на соодветни мерки за елиминирање на основните причини кои директно или индиректно влијаат врз безбедноста во сообраќајот.

Во текот на првото полугодие од 2019 година, на подрачјето на ПК Пехчево, догодени се вкупно 8 (6) сообраќајни незгоди, од кои 1 (1) со потешки последици и 7 (5) со мала матерјална штета.

Во однос на соодветниот период од претходната година вкупниот број на сообраќајни згоди е зголемен за 33 %, бројот на сообраќајни незгоди со потешки последици е ист како и ани, а во зголемување од 40% се сообраќајните незгоди со мала матерјална штета.

Од сообраќајните незгоди со потешки последици, 1 (1) е со повредени лица, во кои 1 (2) лице се здобило со телесни повреди, а 0 (1) со тешки телесни повреди.

Во оваа сообраќајна незгода, на возила и објекти на пат, процената на лице место за причинетата матерјална штета нема.

Од вкупно настраданите учесници во сообраќајот во својство на пешак било 1 лице, сообраќајната незгода со потешки последици 1 (1) се случила во населено место, ноќе.

Како причина за догодената сообраќајна незгода е недржење до десниот раб на коловозот.

При рабтата во оваа област за откриените прекршоци, на учесниците во сообраќајот врачени се мандатни и прекршочни платни налози за наплата на глоба, а за оние што не ја платиле глобата до надлежни судови поднесени се Барања за поведување прекршочна постапка.

Откриените прекршоци најчесто биле управување со нерегистрирано возило, управување со моторно возило пред стекнување со правото за управување со моторно возило, управување со моторно возило под дејство на алкохол и т.н.

За полесни прекршоци учесниците во сообраќајот се предупредени.

Со цел откривање и попречување на потешките видово прекршоци, во текот на изминатиот период од годината спроведувани се селективни акциски контроли од републички и локален карактер.

Во делот на **превентивното работење**, проектот „Полицијата и граѓаните – заедно" кој се спроведуваше преку Одделот за превенција при Министерството за внатрешни работи, реализирани се повеќе проектни активности во соработка со граѓаните , здруженија на граѓани и институции.Најчесто реализирани активности се:Бизнисот и безбедноста;На кафе кај соседите;Како сте;Застани и разговарај; За спортот заедно и Мојот полицаец .

Во врска со проектот „**Бизнисот и безбедноста**" од страна на пом. командирот за ЈРМ и превенција и позорна служба се вршат редовни средби со бизнис и трговски субјекти кои работат на територијата на општина Берово , со цел да им се укаже за зголемена безбедност од тешки кажби , пуштање во опрег на фалсификувани банкноти , појави од закани уцени и др. проблеми и совети за поголема безбедност Од овој проект вкупно се реализирани 4 активности .

Во однос на проектот „**На кафе кај соседите** "од страна на позорна, патролна служба и Помошник командир за ЈРМ и превенција се вршат неформални средби со граѓани во нивните домови со цел информирање за нивната безбедост и други појави каои ги загржуваат како и примање на евентуални поплаки, по овој проект вкупно се реализирани 55 активности

Во однос на проектната активност „**Како сте**" по претходно изготевн преглед на лица -самци и постари и изнемоштени лица - граѓани од подрачјето кои живеат сами со содејство со водич на безбедноен реон ,патролна и позорна слжба се вршат месечни посети на оваа категорија граѓани заради проверка на нивната безбедност и решавање на нивните проблеми и воедно заштита на нивната лична и безбедноста на нивните домови а кои се во надлежност на МВР а со кои истите се соочуваат во секојдневниот живот.По овој проект вкупно се рализирани 41 активности

Во однос на проектната активност „**Застани и разговарај**"од страна на позорна, патролна служба и Помошник командир за ЈРМ и превенција се реализиараат средби со

...ното население со цел информирање за безбедносната состојба во места на живеење на граѓаните .Овој проект се реализирани вкупно 73 активност.

Во однос на проектот **„За спортот заедно"** чија главна цел е поттикнување на соработката помеѓу полицијата и челеновите на навивачките групи , од аспект на создавање предуслови за безбеднсот на споретските натпревари , како и градење однос на соработка и доверба и регистрирање на навивачките групи , со што ќе биде овозможено вмережување на сите надлежни субјекти одговорни за спотрските натпревари. Се остваруваат конаткти со одговорните лица пред одржувањето на фудбалсите натпревари со цел обезбедување на истите и спречување на насилства и нарушување на ЈРМ на спотските натпревари. По овој проект реализирани се 5 активности.

Во однос на проектот **„Мојот полицаец"** реализирани се средби со избраните преставници на Месните заедници пред се со цел информирање за безбедносната состојба и согледување на појави и настани кои би биле од интерес на службата во селските населби. Од овој проект реализирани се 5 активности.

Во текот на првото полугодие од 2019 година со матуранти од ОСУ Ацо Русковски" во Берово и Пехчево одржани се едукативни предавања на тема „Безбедни и весели матурски вечери" . А пак со учениците –полуматуанти одржани се едукативни предавања на тема „Безбедни и весели полуматурски вечери".

Одржан е состанок со СГГ –Берово на тема „Безбеден итернет ,безбедни ученици " со на кој е дискутирано за мерките и активностите кои се превземаат и кои дополнително треба да се превземаат од страна на надлежните институции со цел спречување на појавата од сајбернасилство односно онлајн злоупотребите , сексуалните злоупотреби, говор на омраза према децата кои директно се изложени на наведените ризици при користењето на интернетот , т.е. при користењето на социјалните мрежи.

Согласно Законот за заштита на жртви на семејно насилство од страна на ПС од ОН-Берово беше земено учество во работата на мултисекторски тим за заштита на жртви на семејно насилство при ЈУ МЦСР-Берово

Како резултат на севкупно преземените активности и постигнатите резултати во извршувањето на задачите и разрешување на безбедносните појави и настани, ПК Пехчево која работи во склоп на ПС од ОН Берово, во текот на годината успеа да обезбеди стабилен јавен ред и мир и ефикасна заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните, со што во целост ја изврши својата безбедносна функција.

Изготвиле:
Данче Јанковска
Лилјана Шоповска Стојановска

Командир на ПС од ОН Берово
Бранко Мазганеки

БЕРОВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за давање на времено користење движна ствар (Лада Нива) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на времено користење движна ствар (Лада Нива) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/11
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 16.12.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење движна ствар (Лада Нива), на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на времено користење движна ствар, со следните карактеристики:

ПМВ Марка - ЛАДА НИВА
Година на производство - 2005
Зафатнина на мотор - 1690
Боја на каросерија - темно зелена / 3F
Број на шасија XTA21214051779240
Сила на мотор 59,5 KW
Број на мотор 7923121
Број на регистарски таблици: BE-4785-AB

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење без надомест на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на возилото вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација ќе ги сноси ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 4**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во рок од 15 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, патничко возило ЛАДА НИВА, истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1639/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на иницијатива од ДИК Фагус ДООЕЛ Пехчево за измена и дополнување на дел од ДУП за град Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на иницијатива од ДИК Фагус ДООЕЛ Пехчево за измена и дополнување на дел од ДУП за град Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/12
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на иницијатива од ДИК Фагус ДООЕЛ Пехчево за измена и дополнување на дел од ДУП за град Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево согласно законските одредби, ја усвојува иницијативата од ДИК ФАГУС ДООЕЛ Пехчево за измена и дополнување на дел од ДУП за град Пехчево.

**Член 2**

Врз основа на член 21 став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), изработката на измените и дополнувањата на дел од ДУП за град Пехчево ќе ја финансира поднесувачот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1640/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за давање на позитивно мислење за**
**Статут на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на позитивно мислење за Статут на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/13
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019) и член 26 став 4 од Закон за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на позитивно мислење за Статут на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава позитивно мислење за Статут на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево.

**Член 2**

Статут на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево бр.01-307/1 од 04.12.2019 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1641/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 26 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево, на седницата одржана на ден 03.12.2019 година, донесе

**С Т А Т У Т**
**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
„Ванчо Китанов“ - Пехчево

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат организацијата и вршењето на воспитно-образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на општинско основното училиште.

**Член 2**

Согласност на статутот на основното училиште дава Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството). по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**Член 3**

(1) Воспитно-образовната работа во општинското основно училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

(3) Учениците од ставот (2) на овој член, задолжително го изучуваат и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

## II. ПРАВНА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**Член 4**

(1) Името на Општинско основното училиште е: „Ванчо Китанов“ - Пехчево

(2)Седиштето на Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево е на ул. „Дамјан Груев“ бр.1 во Пехчево.

(3) Скратен назив е ООУ „ Ванчо Китанов“.

(4) Основното училиште во својот состав ги има следните подрачни училишта во с.Црник, с.Панчарево,с.Умлена,с.Робово и во с.Чифлик е во мирување.

**Член 5**

(1) Печатот на училиштето го содржи името на Република Северна Македонија, називот и седиштето на училиштето и е во облик на круг со пречник од 32 мм, а во средината е грбот на Република Северна Македонија.

(2) Штембилот е во правоаголна форма со ист текст како и печатот со тоа што се остава место за дата и број на предметот.

**Член 6**

(1) Со печатот и штембилот располага и го употребува секретарот на училиштето по дадено овластување од директорот или друго лице овластено од директорот.

(2) Печатот се употребува исклучиво со потпис на директорот.

**Член 7**

(1) Училиштето е основано со акт од 28.12.1973 година.

**Член 8**

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.10-1432/3 од 12.06.1995 година издадено од страна на Министерството.

**Член 9**

(1) Општинско основното училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево има својство на правно лице, стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија.

(2) Училиштето е запишано во централен регистарот на општинските основни училишта во Министерството и регистарот на општинските основни училишта што го води општината за своето подрачје.

**Член 10**

(1) Во правниот промет со трети лица училиштето учествува во свое име и за своја сметка.

(2) За своите обврски настанати во правниот промет со трети лица училиштето одговара со сите свои средства – целосна одговорност.

**Член 11**

(1) Општинско основното училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево го застапува и претставува директорот на училиштето.

(2) Во случај на отсуство на директорот училиштето го застапува односно претставува лице кое ќе го определи директорот.

(3) Директорот со писмено овластување може да овласти и други лица за превземање на одредени дејствија од своја надлежност.

## III. ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**Член 12**

(1) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои на предлог на Бирото за развој на образованието, ги утврдува министерот за образование и наука.

(2) Наставниот план за основното образование содржи задолжителни и изборни предмети и часови за одделенската заедница, определени со годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивната распределба по одделенија.

(3) Со наставниот план се определува и дополнителна и додатна настава, вонаставни активности и јазикот на кој се изведува наставата.

(4) Со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

(5) Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми од ставот (6) на овој член или модифицирана наставна програма.

(6) Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.

(7) Модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи.

8) За одделни категории на ученици со попреченост се развиваат програми за стекнување специфични вештини, како: мобилност и ориентација во простор, изучување на Брајова азбука, развој на говорот, употреба на асистивна технологија за комуникација и друго.

## IV. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

### Член 13

(1) Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.

(2) За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

(3) Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

(4) Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето.

(5) Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

(6) Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

(7) Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

### Член 14

(1) Начинот на ученичкото организирање е на начин што од редот на учениците во паралелка по пат на тајно гласање се избираат претседател на заедницата на паралелката и заменик на претседател на заедницата на паралелката.

(2) Изборот на претседател на заедницата на паралелката и заменик на претседател на заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од месец септември во тековната учебната година.

(3) На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите на избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на заедницата .

(4) На вториот одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот раководител.

(5) На третиот одделенски час или пак на дополнителен час (час кој што би се организирал по редовната настава) се спроведува процедурата за избор на претседател на заедница на паралелка (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

(6) Изборите за претседател на заедницата на паралелката и заменик на претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во која учениците го одржуваат класниот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето.

(7) Секоја заедница од редот на учениците во паралелката избира постојани тела и повремени тела. Секој ученик, освен претседателот и заменик претседателот на заедницата, доброволно се определува во кое тело (постојано или привремено) сака да биде член**.** Претседателот и заменик претседателот на заедницата на паралелка ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата.

(8) За избран претседател на заедницата на паралелка се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста заедница на паралелка. Доколку повеќе кандидати освојат

ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови.

(9) За заменик претседател на заедницата на паралелка се избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови.

(10) Претседателот на заедницата на паралелка се избира со мандат од една учебна година, со право на уште еден мандат.

**Член 15**

На претседателот на заедницата на паралелката мандатот пред истекот на рокот му престанува во следниве случаи:

- не ги извршува работните задачи;
- не присуствува на состаноците или не свикува состаноци на заедницата на паралелката;
- се отпише од училиштето;
- подолго од месец дена отсуствува од наставата;
- по сопствено барање;
- по барање на најмалку 2/3 од вкупниот број ученици во одделението, со доставени аргументи за неизвршување на задачите од страна на претседателот на одделението.
- ако отсуствува на три последователни седници на ученичкиот парламент, односно во случај на негова спреченост, доколку отсуствува и неговиот заменик.

**Член 16**

(1) Доколку настапи предвремен престанок на мандат на претседател на заедницата на паралелката, се врши избор на нов претседател во рок од 20 дена од денот на престанокот на мандатот, по истата процедура.

(2) Со престанокот на мандатот на претседателот на заедницата, престанува мандатот и на неговиот заменик. Доколку настапи предвремен престанок само на мандат на заменик-претседател на класната заедница, претседателот на заедницата предлага нов заменик, а него, со тајно гласање, го потврдува заедницата на паралелката со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 17**

(1) Претседателот на заедницата на паралелката:

- ги претставува учениците од заедницата на паралелката во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето;
- ги информира учениците од заедницата на паралелката за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент;
- организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми (по сопствена иницијатива или по иницијатива на другите ученици/чки);
- присуствува на родителските средби;
- се грижи за мирно решавање на споровите во класот;
- соработува со претседателите на другите заедници на паралелки;
- соработува со постојаните и повремените комисии и
- учествува во работата на ученичкиот парламент;

(2) Со цел успешно функционирање на заедницата претседателот ги извршува следните задачи:

- првата недела после изборот на постојаните тела претседателот на заедницата на паралелка свикува состанок, на кој се изготвува план за работа кој се однесува на периодот од една учебна година. Планот за работа содржи предлог активности во кои ќе бидат вклучени сите членови на заедницата и
- свикува најмалку еден состанок во месецот на кој е се разгледуваат тековните потреби на учениците од паралелката, се разговара за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа и се договараат идни активности во согласност со потребите на учениците, како и може да се донесе и одлука за формирање на повремени тела за кој одделенската/класната заедница смета дека е неопходно нивно формирање.

**Член 18**

(1) Претседателите на заедниците на паралелките се членови на ученичкиот парламент.

(2) Мандатот на член во ученичкиот парламент е во траење од една учебна година, со право на уште едем мандат.

(3) Членството во ученичкиот парламент престанува со престанок на статусот на ученик, како и по негово барање.

(4) Мандатот на претседател на ученичкиот парламент изнесува една учебна година, со право на уште едем мандат.

**Член 19**

(1) Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември во тековната учебна година, односно веднаш по изборот на претседатели на заедници на паралелки.

(2) Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето. Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава директорот на училиштето.

(3) На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови од редот на претседателите на училишните зеедници, која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент.

(4) Секој претседател на заедница на паралелка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент, со поднесување на пријава до претседавачот со конститутивната седница (директорот на училиштето). Кандидатите терба да се презентираат себеси пред членовите на ученичкиот парламент и да ја изразат својата мотивација за претседател на ученички парламент, како и да ги презентираат своите идеи за застапување на интересите на сите ученици во училиштето.

(5) Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

(6) Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелкиа.

(7) За претседател на ученичкиот парламент се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на претседател на ученичкиот парламент се повторува.

(8) По изборот на претседател на ученичкиот парламент, тој го презема раководењето на седницата на ученичкиот парламент. Претседателот на Ученичкиот парламент е член на Тим за училишна интеграција, кој што го формира директорот во насока на унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.

**Член 20**

(1) На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик претседател кој се избира од редот на координатори на учебни години и секретар на ученичкиот парламент.

(2) Постапката за изборот на заменик претседател и секретар на ученичкиот парламент се врши на ист начин како и изборот на претседател на ученички парламент.

**Член 21**

(1) На претседател на ученичкиот парламент мандатот му престанува пред истекот на мандатот, доколку:

- тоа самиот го побара;
- недоверба изгласаат 2/3 од претседателите на училишните зеедници;
- му престане статусот на редовен ученик и
- подолго од месец дена отсуствува од наставата;

(2) Доколку настапи предвремен престанок на мандатот на претседател на ученичкиот парламент, се спроведуваат нови избори во рок од 20 дена од денот на престанок на мандатот.

**Член 22**

(1) Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки.

(2) Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки.

(3) На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог, други стручни соработници и претставници на родителите од Советот на родители.

**Член 23**

Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во работата на училишниот одбор, советот на родители и наставничкиот совет, без право на глас,
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.
- ги донесува Правилникот за работа на заедницата на паралелки и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;
- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
- роднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа
- соработува со институциите и другите организации кои работат со младите и
- промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности

## V. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, РОДИТЕЛИТЕ, ОДНОСНО СТАРАТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ И НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА

**Член 24**

(1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

(3) На седниците на училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

(4) Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

(5) Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

(7) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на училишниот одбор.

(8) Директорот на училиштето не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.

**Член 25**

Училишниот одбор расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето кои се во негова надлежност и се утврдени со закон, подзаконски акти и нормативни акти на училиштето.

**Член 26**

(1) Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање.

(2) Наставничкиот совет се состанува на крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на наставниците, стручните соработници и воспитувачите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура за член на училиштен одбор, по што се пристапува кон тајно гласање.

(3) За избран член на училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови на наставничкиот совет. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран член во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови на наставничкиот совет. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на член на училишниот одбор се повторува.

(4) По извршениот избор наставничкиот совет доставува известување до актуелниот претседател на училишниот одбор и до директорот на училиштето за избраните кандидати.

**Член 27**

(1) Претставниците на родителите, односно старателите на учениците во училишниот одбор ги избира советот на родителите со тајно гласање.

(2) Совет на родители се состанува на крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на родителите, односно старателите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура пред Советот на родители, по што се врши избор по пат на тајно гласање.

(3) За избран член на училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран член во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на член на училишниот одбор се повторува.

(4) По направениот избор советот на родители доставува известување до актуелниот претседател на училишниот одбор и до директорот на училиштето за избраните кандидати.

**Член 28**

(1) Претставниците од учениците во училишниот одбор ги избира училишниот парламент од редот на своите членови, со тајно гласање.

(2) Училишниот парламент се состанува на крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на членовите на ученичкиот парламент им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура пред Ученичкиот парламент, по што се врши избор по пат на тајно гласање.

(3) За избран член на училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран член во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на член на училишниот одбор се повторува.

(4) По направениот избор ученичкиот парламент доставува известување до актуелниот претседател на училишниот одбор и до директорот на училиштето за избраните кандидати.

**Член 29**

Претставниците на основачот ги именува односно разрешува Советот на општината.

**Член 30**

Претставниците на родителите, односно старателите на учениците и од основачот не можат да бидат именувани односно избирани од редот на вработените во училиштето.

**Член 31**

(1) Мандатот на членовите на училишниот одбор започнува од денот на неговото конституирање.

(2) Конститутивната седница на училишниот одбор ја свикува и до изборот на претседател, претседава најстариот претставник во училишниот одбор.

(3) Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

(4) За претседател на училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на претседател на училишниот одбор се повторува.

(5) Постапката за изборот на заменик претседател на училишниот одбор се врши на ист начин како и изборот на претседател на училишниот одбор.

(6) За заменик претседател на училишниот одбор се избира член од редот на претставници од родителите, односно старателите на учениците.

**Член 32**

(1) Училишниот одбор работи на седници.

(2) Седницата на одборот се свикува по потреба, но најмалку еднаш во месецот.

**Член 33**

(1) Седниците на училишниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот.

(2) Во отсуство на претседателот со седницата раководи заменик - претседателот на училишниот одбор.

(3) Седниците на училишниот одбор ги свикува неговиот претседателот и тоа:

- по своја иницијатива;
- по барање на директорот на училиштето;
- по барање на една третина од вкупниот број членови на училишниот одбор;
- по барање на една третина од вкупниот број вработени во училиштето;
- по барање на советот на родители во училиштето и
- по барање на ученичкиот парламент на училиштето.

**Член 34**

(1) Училишниот одбор може да работи само ако се присутни повеќе од половина членови.

(2) Ако нема доволен број членови за одржување на седницата, таа се одложува.

(3) По констатирањето на мнозинството присутни членови, претседателот на училишниот одбор ја отвора седницата и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат за него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања.

**Член 35**

(1) Претседателот на одборот им дава збор на членовите за дискусија.

(2) Доколку оцени дека расправата по одредени точки ќе трае подолго време претседателот може да ја ограничи дискусијата.

**Член 36**

(1) По завршувањето на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот формира заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, а потоа се врши гласање.

(2) Доколку се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита и го прогласува за донесен.

(3) Донесените заклучоци, ставови или одлуки на училишниот одбор се издвојуваат во посебен документ кој го потпишува претседателот на училишниот одбор, а потоа се архивира и објавува.

**Член 37**

(1) Од седницата на училишниот одбор се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето.

(2) Во записникот се запишува терминот на одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, во кратки црти дискусиите, предлозите и нивните предлагачи, изгласаните/ неизгласаните заклучоци, ставови и одлуки.

(3) Записникот се чита, корегира и усвојува на првата наредна седница на Училишниот одбор, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

**Член 38**

(1) Заклучоците, ставовите и одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на училишниот одбор кои имаат право на одлучување.

(2) Гласањето, по правило е јавно, а ако училишниот одбор одлучи може да гласа и тајно за одделни точки од дневниот ред.

(3) Гласовите од јавното или од тајното гласање се запишуваат во записникот.

**Член 39**

(1) Редот на седницата го одржува претседателот на училишниот одбор.

(2) Доколку некој од членовите на училишниот одбор или друго лице ја попречува работата, претседателот е должен да го опомене.

(3) Ако и по опомената лицето продолжи со попречувањето на работата, претседателот треба да го замоли да ја напушти седницата.

(4) Доколку не се отстранат пречките за нормална работа, претседателот ја прекинува седницата за 15 минути или ја презакажува седницата за друг термин.

**Член 40**

(1) Со одобрение на претседателот на училишниот одбор на седницата може да присуствуваат заинтересирани вработени во училиштето или други лица.

(2) Ако за истото не се согласат останатите членови на училишниот одбор, се пристапува кон гласање.

**Член 41**

Ако по причините наведени во член 39 заради постапување на член на училишниот одбор два пати се прекине седницата или ако член на Училишниот одбор три пати неоправдано отсуствува од седница, претседателот на училишниот одбор е должен да покрене постапка за негово отповикување и избирање на нов член.

## VI. ПОСТАПКА КОЈА ЈА ВОДИ КОМИСИЈАТА ПРИ ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

### Член 42

(1) Пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор на основното училиште ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор, од редот на своите членови формира комисија, составена од три члена, која ја прегледува пристигнатата документација по јавниот оглас.

(3) Комисијата од став 2 на овој член е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи.

(4) Комисијата во рок од три дена од денот на разгледувањето на пристигнатите документи, на кандидатите кои не ги исполнуваат бараните условите наведени во јавниот оглас, треба да им ги врати приложените докумени заедно со писмено образложение, а за кандидатите кои ги исполнуваат условите да изготви список и со доставената документација да ги достави до училишниот одбор.

(5) Училишниот одбор од кандидатите кои ги исполнуваат условите може да побара да достават и дополнителни документи како:

- биографија;
- елаборат за работа;
- програмски определби;
- сертификати, награди, пофалби и слично.

(6) Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

(7) Училишниот одбор, по извршеното интервју со кандидатите, пристапува кон тајно гласање со гласачки листови. На гласачките листови се името и презимето на секој од кандидатите, а редоследот е по азбучен ред согласно презимињата на кандидатите.

(8) Претседателотј од членовите на училишниот одбор гласаaат со заокружување на еден од кандидатите на гласачкото ливче.

(9) По завршувањето на гласањето се врши броење на гласовите и истото се констатира и запишува во записникот.

(10) За избран кандидат за директор се смета кандидатот кој освоил мнозинство од гласовите од вкупниот број членови на училишниот одбор. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран кандидат во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено мнозинство од гласовите од вкупниот број членови на училишниот одбор. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на се повторува.

(11) Училишниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите кои конкурирале, на градоначалникот на општината му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на училишниот одбор.

## VII. ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДНЕВНИОТ И ГОДИШНИОТ ОДМОР

### Член 43

(1) Воспитно-образовната работа на наставниците, стручните соработници и воспитувачите се остварува во рамки на 40 часовна работна недела според наставните планови и програми утврдени со годишната програма за работа на училиштето, а согласно Законот за основното образование и подзаконски акти донесени од страна на министерот.

(2) Работното време на наставниците, стручните соработници и воспитувачите во централното училиште и во подрачните училишта во с.Умлена, с.Робово и с.Панчарево се реализира во една смена.

(3) Смената за наставниците започнува во 8:00 и завршува во 14:00 часот.

(4) Работното време на наставниците и воспитувачите во подрачното училиште во с.Црник се реализира во две смени.

(5) Првата смена за наставниците започнува во 7.15 и завршува во 13.15 часот, а втората смена во 12:30 и завршува во 18:30 часот.

(6) Работното време на стручните соработници и вработените кои вршат административни работи во текот на неделата изнесува 40 часа, со работното време од 07:00 часот до 15:00.

(7) Работното време на техничкиот персонал се организира во една смена и тоа од 08 часот до 16 часот, а работното време за техничкиот персонал со неполно работно време е од 12 часот до 16 часот.

(8) Работното време на техничкиот персонал во подрачното училиште во с.Црник се организира во две смени и тоа од 7:00 часот до 15:00 часот и од 12:00 часот до 20:00 часот.

(11) Дневниот одмор на наставниците и воспитувачите се реализира со одморите помеѓу наставните часови согласно распоредот на часови.

(12) Дневниот одмор на стручните соработници и вработените кои вршат административно-технички работи изнесува 30 минути.

**Член 44**

(1) Вработените годишниот одмор го користат за време на летниот распуст на учениците.

(2) Должината на годишниот одмор на наставниците, воспитувачите, стручните соработници и вработени кои вршат админиcтартивно-технички работи се утврдува согласно Закон за работни односи и Колективниот договор за основно образование.

## VIII. ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

**Член 45**

(1) За наставник којшто не го почитува распоредот на работното време и прави потешки прекршувања на Етичкиот кодекс за наставниците и стручните соработници се поведува дисциплинска постапка.

(2) Дисциплинска постапка ја води дисциплинска комисија, која ја формира директорот на училиштето.

(3) Дисциплинската комисија е составена од три члена.

(4) Членовите имаат свои заменици.

(5) Претседателот на дисциплинската комисија е од редот на наставниците, еден член е да редот на стручните соработници и еден член е од редот на наставниците во училиштето.

(6) Дисциплинската постапка се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на дисциплинската комисијата.

(7) Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.

**Член 46**

(1) Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање.

(2) Писменото барање се предава во архивата училиштето, која ја доставува до директорот на училиштето.

(3) Барање за поведување на дисциплинска постапка може да поднесе директор, наставник, стручен соработник, други вработени училиштето, ученик, родител/старател на ученик во училиштето.

**Член 47**

Барањето за поведување на постапката се поднесува во писмена форма и мора да содржи: име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда; податоци за сторителот на повредата; опис на настанот и докази за утврдување одговорност.

**Член 48**

(1) Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, најдоцна во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето за поведување на дисциплинска постапка, директорот со решение формира дисциплинска комисија.

(2) Дисциплинската комисија, најдоцна во рок од три работни дена од денот на нејзиното формирање, донесува решение за поведување на дисциплинска постапка.

(3) Решението од став 2 на овој член се доставува до подносителот на барањето за поведување на постапката и до лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса.

**Член 49**

(1) Пред изрекувањето на дисциплинската мерка, лицето против кое се поведува дисциплинската постапка се сослушува во врска со настанот од страна на дисциплинската комисија.

(2) Лицето против кое се поведува дисциплинската постапка за сосолушувањето се известува усно или со покана преку препорачана пратка на домашна адреса.

(3) Доколку лицето против кое се поведува дисциплинската постапка не се појави пред дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, комисијата ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

(4) Доколку лицето против кое се поведува дисциплинската постапка поднел писмена изјава преку архивата на училиштето до дисциплинската комисија, таа цени дали неговото повикување е неопходно.

**Член 50**

(1) Дисциплинската комисија, може да донесе една од следниве одлуки:

- отфрлање на барањето за поведување на постапката поради застареност, или
- одбивање на барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда, или
- предлог за изрекување на дисциплинска мерка.

(2) Врз основа на одлуката на дисциплинската комисија, директорот на училиштето донесува соодветно решение.

**Член 51**

(1) Донесеното решение од став 2 на член 50 од овој статут се доставува на лично на рака или по препорачана пратка на домашна адреса до подносителот на барањето и до лицето против кое била поведена дисциплинската постапка.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка се чува во досието на лицето на кое му е изречена дисциплинска мерка.

**Член 52**

Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, лицето на кое му е изречена дисциплинска мерка може да поднесе жалба до училишниот одбор, како второстепен дисциплински орган, во рок од осум дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

**Член 53**

Училишниот одбор ја разгледува жалбата на првата седница по поднесувањето жалбата и може да донесе одлука со која:

- го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесена од директорот;
- ја отфрла  жалбата како недозволена или ненавремена;
- ја прифаќа жалбата како основана и го преиначува диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка.

**Член 54**

Покренувањето на дисциплинската постапка застарува во рок од шест месеци од сторувањето, односно 30 дена од дознавањето за сторената дисциплинска повреда. Дисциплинската постапка е итна.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО И НЕГОВИТЕ ОРГАНИ

**Член 55**

(1) Работата на училиштето и неговите органи е јавна.

(2) Училиштето е должно да обезбеди редовно, благовремено и потполно известување на барање на вработените во училиштето, родителите, учениците и сите други заинтересирани странки за работата на училиштето.

(3) За работата на училиштето и неговите органите вработените се информираат преку огласна табла.

(4) Информирањето го врши директорот, училишниот одбор, т парламент и советот на родители.

**Член 56**

Информирањето може да се врши и преку издавање на училишен весник, билтен и слично.

## X. ОДБРАНА

**Член 57**

(1) Во воена состојаба училиштето продолжува со остварување на воспитно-образовната дејност, заради што во рамките на своето редовно работење во мирни услови, во согласнот со Законот за одбрана и другите прописи спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

(2) Со спроведувањето на подготовките и изработката на документите за работа во воена состојба раководи директорот на училиштето.

**Член 58**

Зради заштита на тајните податоци и информации од обласста на одбраната, училиштето спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

## XI. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 59**

Заради заштита на интересите на училиштето и пошироката заедница во училиштето се превземаат мерки за чувањето, ракувањето и соопштувањето на податоците класифицирани како деловна тајна.

**Член 60**

(1) Сите податоци и документи што претставуваат деловна тајна задолжително имаат ознака „доверливо“ или „строго доверливо“.

(2) Обрврската за чување деловна тајна трае се додека директорот на училиштето или органот кој ги доставил податоците не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

**Член 61**

Податоците и документите класифицирани како деловна тајна се заведуваат во посебен деловен протокол и како такви се архивираат.

**Член 62**

(1) Податоците и документите класифицирани како деловна тајна се чуваат во посебно определена просторија, нив ги чува и со нив ракува вработен овластен од директорот на училиштето, со посебно решение.

(2) Заверувањето, архивирањето, уништувањето на материјалите кои претставуваат деловна тајна го извршува директорот на училиштето по наредба на надлежен орган.

(3) Оддавањето на деловната тајна претставува тешка повреда на работната должност.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 63**

(1) Статутот и другите општи акти на училиштето ги донесува училишниот одбор на училиштето.

(2) Статутот се смета за донесен ако за него гласале повеќе од половината од членовите на училишниот одбор.

**Член 64**

Постапката за измени и дополнување на статутот е иста како и постапката за негово донесување.

**Член 65**

Општите и посебните акти донесени од страна на училиштето треба да се усогласат со овој статут во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 66**

Со денот на влегување во сила на овој статут престанува даважи Статутот број 01-189/3 од 25.11.2016 година и Статутарната одлука за изменување и дополнување на статутот бр.01-108/1 од 04.04.2019 год.

**Член 67**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето, ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, а по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,**
Виолета Ѓорѓиевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Интегриран план за локален развој на општина Пехчево 2019-2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Интегриран план за локален развој на општина Пехчево 2019-2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/14 — Градоначалник на
16.12.2019 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02) и член 30 став 1 точка 10 од Статутот на општина Пехчево ("Сл.Гласник на општина Пехчево" бр.06/16 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на 26-та седница одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Интегриран план за локален развој на општина Пехчево 2019 – 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Интегрираниот план за локален развој на општина Пехчево 2019 - 2022 година.

**Член 2**

Интегрираниот план за локален развој на општина Пехчево 2019 – 2022 година е изработен од страна на Единицата за управување со локалниот развој на општина Пехчево со финансиска поддршка на проектот "Унапредување на општинското владеење" финансиран од Европската Унија и спроведуван од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии.

**Член 8**

Одлуката стапува на сила веднаш по донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. Гласник на општина Пехчево„

Бр.08-1642/1 — Совет на општина Пехчево
16.12.2019 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2019 година и Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2019 година и Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/15
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2019 година и Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2019 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2020 година;

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2019 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2020 година бр.05-47/1 од 06.11.2019 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1643/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**Извештај за работа на Општинска установа-Матична библиотека**
**„Кочо Рацин“ - Пехчево 2019**

## ВОВЕД

Градската библиотека во Пехчево го носи името според познатиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин. Се наоѓа во центарот на градот и опфаќа површина од 100м2. Во 1966 година во регистерот на тогашниот окружен стопански суд во Штип е заведено решението за регистрирање на матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево. Оваа година се навршуваат 53 години од овој значаен настан, во кој што библиотеката како институција од областа на културата успешно делуваше на полето на популаризацијата на книгата и на нејзините литературни и општо образовни цели. Во овој изминат период оваа институција претставуваше респектабилно културно седиште, низ кое што многу генерации од различни возрасти се воодушевувале од магичноста на пишуваниот збор и ги правеле првите чекори во своето општо образовно надградување и едукација.

Важно е да се спомене дека библиотеката поседува примероци од книги уште од 1924 година, на кои што постои штембил:

„**Читаоница – матица пехчевска“,** што значи дека уште пред 95 години во Пехчево постоела читална во која што зрачела искрата на образованието и културата. Во библиотеката годишно се зачленуваат од 150 до 200 членови, а структурата на членовите е различна. Имено најголемиот дел од читателите се ученици од основното и средното образование како и студенти и тоа околу 80%. Остатокот од 20% се повозрасни читатели кои земаат слободна литература најчесто белетристика, но и земаат литература која е наменета за најмладата популација, за дечињата од предшколска возраст. Има читатели кои не се зачленети, но постојано ја посетуваат библиотеката и го читаат дневниот печат кој редовно се набавува како што е „Вечер“, „Нова Македонија“, „Слободен печат“.

Библиотеката иако е мала по површина располага со богат книжен фонд. Поседува литература од најразлични жанрови и тоа задолжителни лектирни изданија и тоа од прво одделение, па се до четврта година средно образование, како и голем број на белетристика. Со оглед на тоа дека е културна установа по разни поводи организира литературни читања, распишува конкурси од областа на поезијата и прозата. Прави промоции на книги и други културни збиднувања. Библиотеката е културна институција која била, која е и ќе биде една од светлите точки во Пехчево.

Слободно може да се каже дека во нашето мало место каде што изборот за забава, или користењето на слободно време е многу ограничен,библиотеката е една од малобројните места каде што може корисно да се помине дел од слободното време на граѓаните, а посебно на младата генерација кои наоѓаат катче за контакт со книгата, или други содржини. Библиотеката како културно средиште допринесува низ контактот со книгите и останатите содржини да се подигне општообразовното, културното и стручното ниво во нашиот град и околината.

Општинската установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево како општинска институција од областа на културата во Општина Пехчево, чија основна дејност е развој на библиотекарството и презентација и овозможување за користење на расположивиот книжен фонд,во својата работа ги вклучува книжевните творци кои ќе бидат интегрирани како креативна сила во промоција на литературата. Една од најважните функции на библиотеката е популаризација на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање. Од друга страна важно и потребно е родителите да им читаат на децата уште од најрана возраст, при што покрај поминувањето на пријатни моменти во друштво со книгата, се стекнува и навика за читање и љубов кон книгата. Изминатава 2019 година беше доста плодна и полна со активности за библиотеката „Кочо Рацин“. Континуитетот се задржа со секој изминат месец.

– **Јануари** Во месец Јануари се започнува со ново членство.
Членарината на годишно ниво изнесува 200,00 денари и 100,00д за
3(три) месеци. Во месец Јануари имаше 2(две) активности. Во соработка со Дом на култура„Јане Сандански" во зелената соба се одржа ликовна колонија на уметнички слики на Лена Ѓуриќ-парижанката од Свети Николе, која преку реалистичното сликарство ни го долови својот уметнички поглед на светот околу нас и во нас. Кон крајот на Јануари повторно во соработка со Дом на култура „Јане Сандански" се одржа афористичка-поетска вечер во која учествуваа следните афористичари. Миле Ѓорѓиовски од Делчево, Ленче Стоименова од Оризари, Јане Атанасов од Кочани. И поетесите Христина Деловска од Делчево и Габриела Костадинова од Пехчево.
– **Март** Во месец Март во ресторан „Тропик" се одржа музичко-забавна поетска вечер. Во рамките на културно-промотивната активност библиотеката „Кочо Рацин" ја спроведе кампањата „Плати кафе со поезија" одбележувајќи го светскиот ден на поезијата. Па во тој контекст активноста ја нарече „Поезијо те сакаме". Вечерта започна со музичка точка во изведба на Маја Пандова и Маринела Секуловска. Своја поезија читаа учениците од основното и средното училиште. Во интерактивна улога беше и публиката за кое сценарио се погрижи Габриела Костадинова.

Беа доделени и награди на учениците од I и II година од гимназијата
„Ацо Русковски" - Берово за најдобри цртежи.

– **Април** Во месец Април библиотеката имаше повеќе активности.
На 2 Април по повод Светскиот ден на детето и роденденот на Х.К.Андерсен тимот од библиотеката беше во посета на основното училиште „Ванчо Китанов" кај најмалите ученици од прво одделение. Активноста беше наречена „Ајде да растеме во светот на бајките и сказните". Се читаше „Грдото пајче" од Х.К.Андерсен. Се одржа и креативна работилница под мотото „Да ги обоиме Грдото пајче и Убавиот лебед".
На 23Април е светскиот ден на книгата и авторското право. По тој повод библиотеката организираше креативна работилница во основното училиште кај учениците од четврто одделение. Целта беше да се види колку учениците на непознат текст знаат да читаат. Читаа и свои стихотворби и дел од нив пееја и свои песни.
По повод светскиот ден на книгата беше организирана уште една активност наречена„Читатели рекордери". Всушност со години наназад библиотеката за секоја претходна година наградува читатели рекордери и најчитатели рекордери доделувајќи им дипломи, книги и цвет. Бидејќи на тој ден според легендата се подарува книга и цвет. Бројот на читатели рекордери од година во година се зголемува, што преставува голем плус за самата библиотека. Беа доделени книги и цвеќиња направени од хартија и на сите присутни гости. Беа нградени и многу ученици за песни посветени на книгата. А свој настап имаа и учениците од с. Црник кој исто така беа наградени со благодарници, книги и цвет.

– **Мај** Во месец Мај се случија следните активности.
Учениците од седмо одделение беа во посета на библиотеката и заедно со библиотекарката Габриела Костадинова и наставничката Јулија Велковска одржаа час по македонски јазик на тема: „Значењето на библиотеката врз учениците", „Како влијае читањето на книга во библиотека врз самите ученици" и „Колку учениците се запознаени со работата во библиотеката"
Во Мај во Кочани секоја година се одржува мајски поетски фестивал - „Мајски цвет" на кој учествуваа многу ученици од повеќе градови од Македонија од основните училишта. Со години наназад библиотеката „Кочо Рацин" зема учество на тој фестивал со двајца ученици од основното училиште. Оваа година учествуваа Иван Јангелов кој доби награда за најдобра интерпретација и

Елена Тодоровска која доби награда во категоријата пофалени песни, а под менторство на Габриела Костадинова која беше прогласена за најдобар ментор на фестивалот.

Во Мај се одржа и најголемиот саем на книгата во Скопје, на кој учествуваше и нашата библиотека.

Во Мај во Крушево во хотел „Монтана" се одржа семинар на тема: „Гејмификација во библиотеките" со предавачи од Србија и Германија, на кој семинар зеде учество и библиотеката „Кочо Рацин" од Пехчево.

- **Јуни** Во месец Јуни се одржа дводневен семинар на тема: „Дигитализација на библиотеките" – односно мрежно поврзување на библиотеките на интернет во Љиг – Србија. На тој семинар учествуваа библиотеки од бившите југословенски простори и четири библиотеки од Македонија и тоа Битола, Скопје, Радовиш и Пехчево, што преставуваше посебна чест и задоволство меѓу големите библиотеки да се најде и библиотеката „Кочо Рацин" - Пехчево и да учествува со своја презентација.
- **Јули**
- **Август** Во месеците Јули и Август поради годишни одмори не се одржуваат активности организирани од страна на библиотеката.

- **Септември** Во месец Септември библиотеката организираше две промоции.

Во соработка со Дом на култура „Јане Сандански" во кино салата се одржа промоција на книгата „Зад твојот сон" од новинарот и поет Васил Маневски од Делчево, чиј промотор беше афористичарот Миле Ѓорѓиовски. А за сценскиот настап и за читање стихови беше задолжена Габриела Костадинова. Во средината на Септември во кафе бар „Ким" се одржа промоција на книгата „Волшебната плетенка" од нашата сограѓанка Станка Василовска, чиј промотор и рецензент беше Горјан Петрески. А водител и организатор на промоцијата беше Габриела Костадинова.

- **Октомври** Во месец Октомври се реализираа повеќе активности.

По повод месецот на книгата во библиотеката се одржа креативна-едукативна работилница наречена „Волшебниот свет на книгата" со учениците од V и VI одделение кои на лице место пишуваа стихови за книгата. Гости на работилницата беа афористичарот Миле Ѓорѓиоски и поетесата Христина Делоска со чија помош учениците измислија афоризми од различни области

Во месец Октомври учениците од шесто одделение под менторство на Габриела Костадинова беа во посета на Општина Пехчево кај Градоначалник Драган Тренчовски. Пред градоначалникот учениците ги презентираа своите афоризми и рецитираа стихови посветени на книгата кои сами ги напишаа. Од страна на градоначалникот сите учесници беа наградени со книги, благодарници и други слатки задоволства.

Во месец Октомври во Штип се одржа и меѓународна конференција на Библиотекарско Здружение на Македонија (БЗМ) на која учествуваа Библиотеки од Словенија, Хрватска БИХ, Србија и Македонија, меѓу кои и библиотеката од Пехчево. И по повод 70 години постоење на БЗМ имаше и свое излагање.

- **Ноември** Во месец Ноември се случија следните активности:

Месецот на книгата започнува на 15Октомври и трае до 15Ноември.

По повод завршувањето на месецот на книгата во соработка со наставниците од подрачното училиште во с. Црник и библиотеката „Кочо Рацин“ се одржа интерактивна настава во која библиотекарката Габриела Костадинова им ја читаше сказната „Волкот и 7те јариња“ и им поставуваше прашања на учениците од прво и второ одделение на кои тие успешно одговараа. А учениците од трето и четврто одделение беа подготвиле рецитал на тема„Книга“. За успешно реализираната активност сите ученици беа наградени од страна на г-ѓа Костадинова.
Во средината на Ноември во Свети Николе се одржа промоција под наслов „Творечкиот опус на Габриела Костадинова-поетесата од Пехчево низ призмата на поезијата“.
Во Ноември се одржа и републичкиот натпревар „Млади библиотекари“ кој секоја година се одржува во разни градови. Оваа година се одржа во градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје. На тој натпревар учествуваше и библиотеката „Кочо Рацин“ со ученичката Викторија Сасански.
Кон крајот на Ноември како завршен циклус од месецот на книгата во библиотеката се одржа уште една интерактивна настава со забавачињата при детската градинка 7ми Септември. Со помош на Габриела Костадинова и учителките Снежана Вучковска и Розмарина Мицевска дечињата читаа и прераскажуваа преку слики. За успешно завршена активност забавачињата добија слатки задоволства од страна на г-ѓа Костадинова.

- **Декември** Во месец Декември како последен месец во годината библиотеката подготвува музичко-поетски-драмски перформанс посветен на Нова Година во кој ќе учествуваат ученици од основното и средното образование.

**Програма за работа во 2020 год**

**ВИЗИЈА:**

Библиотеката ја гледам како информациски и вредносен капитал кој ќе му служи на знаењето, мудроста, уметноста,образованието, читањето и пишувањето. Центар со најпогодно опкружување и подршка за креативност, истражувачка работа, учење и забава кој ќе им служи на сите граѓани од Општина Пехчево.

**МИСИЈА:**

Да се приближат информациите, знаењето и културата на жителите од општината, да се одговори на потребите и побарувањата на корисниците со избрани, стручно засновани и мрежни услуги преку кои се поттикнува читањето, придонесува за непристрасно информирање на граѓаните, образованието и културниот живот.

Мисијата на библиотеката во периодот на 2020 година ќе се остварува преку следните стратешки цели:

а) Избор, набавка,чување и организирање на пристап до оригиналните записи на човековата мисла.

б) Стручна обработка на библиотечниот фонд

в)Подигање на нивото на писменост, како и стручниот и креативен развој на корисниците на библиотечните услуги, како и на самите библиотекари.

г) Обезбедување на лесно достапен и пријатен простор за разновидни кориснички услуги.

д) Употреба на иновативна технологија која овозможува висок степен на продуктивност во работењето.

ѓ) Поттикнување и користење на мрежните извори

е) Поттикнување на стручна комуникација и соработка со партнерските библиотеки и други образовни институции во регионот и пошироко.

ж) Голем број разновидни активности од типот на промоции, литературни читања, конкурси за секој месец во годината.

з) Во Јануари се предвидува промоција на книги афоризми од Јане Атанасов и Ружа Стојмилова.

ѕ) Во Февруари се предвидува поетско-забавна вечер по повод Св. Трифун и Св. Валентин.

и) Во месец Март по повод светскиот ден на поезијата се предвидува приклучување на кампањата „Плати кафе со поезија“ во која млади поети пишуваат поезија и со своите стихови го плаќаат своето кафе. Во Март се предвидува промоција на книгата „Дамата со шеширот“ од Габриела Костадинова.

ј) Во Април се предвидува интерактивна настава со учениците од прво до четврто по повод светскиот ден на детската л-ра. А по повод 23 Април- светскиот ден на книгата и авторското право се предвидува активноста под мотото „Наградување на читатели рекордери и најчитатели рекордери“

к) Во Мај се предвидува учество на фестивалот на поезија „Мајски поетски цвет“ во Кочани

л) Во Јуни се предвидува промоција на книги на македонски писателки што го организира издавачката куќа „Сакам книги“ од Скопје

љ) Во Септември се предвидува поетска манифестација по повод 7ми Септември-ослободувањето на Пехчево.

м) Во Октомври по повод месецот на книгата се предвидува ликовен и поетски конкурс во кој ќе бидат застапени ученици од основното и средното образование.

н) Во Ноември по повод завршување на месецот на книгата се предвидува интерактивна настава со дечињата од детската градинка 7ми Септември, со учениците од шесто до осмо одделение. Организирање на малешевско-пијанечка вечер во која ќе настапат поети од Пехчево,Берово и Делчево.

њ) Во Декември по повод Нова Година се предвидува да се организира поетско-музички перформанс во еден од локалите во Пехчево и доделување на скромни пакетчиња на најмалите учесници на манифестацијата.

1) И во 2020 година за корисниците на библиотечната читална ќе се обезбедат досегашните дневни весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Вечер"

п) Преку целата 2020 година ќе се врши редовно зачленување на читателите. Членскиот влог ќе изнесува 200,00 ден на на годишно ниво, 300,00 ден семејна членарина и 100,00 за три месеци.

р) Во 2020 година Општинската установа-Матична библиотека „Кочо Рацин" ќе работи една смена од 7,30 до 15,30 додека не се создадат услови за двосменско работење.

**Пехчево, 2019 год,** **ВД Директор**

-------------------------------------------

**/ Габриела Костадинова/**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба Равна Река Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба Равна Река Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/16
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.06/16 и 05/19), Советот на општина Пехчево на 26-та седница одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот "Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба "Равна Река" Пехчево, општина Пехчево"**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава поддршка на проектот "Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба "Равна Река" Пехчево, општина Пехчево".

Проектот "Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба "Равна Река" Пехчево, општина Пехчево" ќе се имплементира преку Центарот за развој на Источен плански регион – Штип во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година на Бирото за рамномерен развој и Министерството за локална самоуправа.

**Член 2**

Финансиското учеството на општина Пехчево во проектот "Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади, Туристичка населба "Равна Река" Пехчево, општина Пехчево" ќе биде во висина од не повеќе од 249.177.00 денари согласно предвидените градежни активности за партерно уредување, односно изведба на пристапна патека до Црнодолски водопади со придружна урбана опрема (дрвени мостови, заштитна ограда, летниковци, видиковци, платформа за набљудување, елементи за скара, дрвена порта, информативна табла, клупи и канти за отпадоци).

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Пехчево за 2020 година.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила веднаш по донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Сл. Гласник на општина Пехчево,,

Бр.08-1644/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево;**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/17
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита (Сл. весник на РМ бр.43/12), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор**
**во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево**

**Член 1**

- Богдан Стојановски се разрешува од должноста член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом – Пехчево поради поднесена оставка.

За нов член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево се именува:

1. Наташа Костовска - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1645/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/18
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 13 од Законот за библиотеките (Сл.Весник на Р.М бр. 66/04, 89/2008, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево**

**Член 1**

Габриела Костадинова се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево поради поднесена оставка;

За нов член на Управен одбор на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево се именува:

1. Ирена Тодоровска - Пехчево;

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1646/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2131, КО Црник вон-град, по барање на Пилов Фетах од с.Црник**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2131, КО Црник вон-град, по барање на Пилов Фетах од с.Црник, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/19
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, , од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2131, КО Црник вон-град, по барање на Пилов Фетах од Црник**

**Член 1**

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за стопански објект, по барање на Пилов Фетах од Црник , со следната катастарска парцела:

- за КП 2131, КО Црник вон-град.

**Член 2**

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Пилов Фетах од Црник , и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена Стопански објект, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

**Член 3**

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево.

Бр.08-1647/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 6032, КО Панчарево вон-град, по барање на Филип Гоцевски од Кочани**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 6032, КО Панчарево вон-град, по барање на Филип гоцевски од Кочани, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/20
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, , од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 6032, КО Панчарево вон-град, по барање на Филип Гоцевски од Кочани**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за примарна обработка на земјоделски производи на зем. земјиште, по барање на Гопцевски Филип од Кочани , со следната катастарска парцела:

- за КП 6032, КО Панчарево  вон-град.

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Филип Гоцевски од Кочани , и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена Објект за примарна обработка на земјоделски производи  на зем.земјиште, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на општина Пехчево.

Бр.08-1648/1 | Совет на општина Пехчево
16.12.2019 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3312, КО Робово вон-град, по барање на Зорка Селигер од Робово**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3312, КО Робово вон-град, по барање на Зорка Селигер од Робово, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/21<br>16.12.2019 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, , од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3312, КО Робово вон-град, по барање на Зорка Селигер од Робово**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за домување со помошни објекти по барање на Зорка Селигер од Робово, со следната катастарска парцела:

- за КП 3312, КО Робово вон-град.

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Зорка Селигер од Робово, и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена домување со помошни објекти, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево.

Бр.08-1649/1<br>16.12.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2057, КО Пехчево вон-град, по барање на Каликов Живко од Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2057, КО Пехчево вон-град, по барање на Каликов Живко од Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/22
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2057, КО Пехчево вон-град, по барање на Каликов Живко од Пехчево**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за домување викенд куќа по барање на Каликов Живко од Пехчево, со следната катастарска парцела:

- за КП 2057, КО Пехчево вон-град.

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Каликов Живко од Пехчево, и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена домување викенд куќа, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево.

Бр.08-1650/1<br>16.12.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2759, КО Робово вон-град, по барање на Зифовски Љупчо од Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2759, КО Робово вон-град, по барање на Зифовски Љупчо од Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/23
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, , од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2759, КО Робово вон-град, по барање на Зифовски Љупчо од Пехчево**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за викенд домување, по барање на Зифовски Љупчо од Пехчево, со следната катастарска парцела:

- за КП 2759, КО Робово вон-град.

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Зифовски Љупчо од Пехчево, и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена Домување во Викенд куќи, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево.

Бр.08-1651/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2290, КО Пехчево вон-град, по барање на Арсовска Горица од Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2290, КО Пехчево вон-град, по барање на Арсовска Горица од Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/24<br>
16.12.2019 год.<br>
Пехчево

Градоначалник на<br>
Општина Пехчево<br>
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, , од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05-2019), Советот на Општина Пехчево, на 26та седница одржана на ден 16.12.2019 год, донесува:

**О Д Л У К А**

**За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2290, КО Пехчево вон-град, по барање на Арсовска Горица од Пехчево**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Пехчево, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за помошен објект за одржување на овошен насад по барање на Арсовска Горица од Пехчево, со следната катастарска парцела:

- за КП 2290, КО Пехчево вон-град.

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Арсова Горица од Пехчево, и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена помошен објект за одржување на овоштарник, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево

Бр.08-1652/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2020 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2020 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и шеста седница одржана на ден 16.12.2019 година.

Бр. 09-1657/25
16.12.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.12.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2020 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2020 год.

**Член 2**

Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2020 год, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1653/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

**ПРОГРАМА**
**За работа на одделението за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина во делот на животната средина и ЛЕР на општина Пехчево 2020 год.**

Во текот на 2020 год. Оделението за урбанизам при Општина Пехчево ги има планирано следните задачи и програми:

1. Следење на законските и подзаконските акти од областа на Данок на имот како (данок на имот, фирмарини, купопродажни договори, оставински решенија и данок на наследство и подарок.
2. Следење на законските и подзаконските акти од областа на урбанистичкото и просторното планирање и заштита на животната средина и Законот за градење.
3. Следење на состојбата во областа на урбанизамот на подрачјето на Општината покренување иницијативи и предлози за донесување или изменување на деталните урбанистички планови.
4. Прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измени на детални урбанистички планови.
5. Издавање на одобренија за градби.
6. Објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Пехчево.
7. Реализација на сите урбанистички планови и документација и издавање на целата потребна техничка документација.
8. Реализација на сите постапки околу имотно правните работи (како експропријација, узурпација и купопродажба на имоти во корис на општината)
9. Програма за изработка на урбанистички планови ДУП, ГУП, ЛУПД, УПС/УПВНМ, АУП, РП, ПИ и ОА на подрачјето на Општина Пехчево.
10. Изградба доизградба и реконструкција на улици на подрачјето на Општина Пехчево.
11. Реконструкција и рехабилитација на улици пешачки патеки на подрачјето на Општина Пехчево.
12. Набавка и изградба на сигнализација на подрачјето на општина Пехчево.
13. Одржување и заштита на локални патишта и улица, зимско одржување и регулирање на режимот на сообраќај на подрачјето на Општина Пехчево.
14. Изградба реконструкција и одржување јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево.
15. Објавување на Програмата за работа во областа на располагање со градежнмо земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина Пехчево.
16. Објавување на годишната Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Пехчево.
17. Довршување на проектот на ново предвидената депонија за цврст отпад во место викано Коријата.
18. Расчистување и ставање во функција на постојниот отворен базент на улица ,,Првомајска,,
19. Следење на состојбите за уредување на јавното зеленило.
20. Озеленување и поставување на урбана опрема на не уредените слободни површини.
21. Довршување на заштитниот појас со високо зеленило на градот Пехчево.
22. Довршување и одржување на урбана опрема и зеленило на месноста ,, Езерце,, Пехчево
23. Одржување на водопадите во месноста ,,Равна Река,,
24. Изградба на инпровизиран водопад на пехчевска река.
25. Одржување на речните корита на подрачјето на Општина Пехчево.
26. И други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Извори на финансирање:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање.
2. Невладини организации (здруженија на граѓани)
3. Сопствено учество.
4. Јавно претпријатие за државни патишта

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на општината и административните работници со помош на надворешни соработници.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општината.

Бр.08-1653/1
16.12.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 84 и 85 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 52/2013), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пехчево, (Сл. Гласник на ОП бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, донесува:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планиови исклучиво ке се одвива согласно оваа програма

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2018 година е основ по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1. Простор кој е предмет на уредување и обем на уредување;
2. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основа исекундарната инфраструктура,
3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
4. Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите на градежното земјиште,
5. Динамика на извршување на Програмата;
6. Граници и зони во потесниот градежен реон во Пехчево.
7. Преодни и завршни одредби;

И покрај тоа што со оваа програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште., истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски сретства за нивна ургентна реализација во текот на 2020 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатена со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем во градот.

1. ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО 2020 год.

1,1 Уредување на градежното земјиште во 2020 година ќе се врши во градот Пехчево на подрачјето опфатено со Детален урбанистички план на градот;

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Пехчево со населбите, како и подрачјето за станбени и друга изградба одредени со Генералниот и Деталниот урбанистички планови, и измените и дополнувањата за град Пехчево, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП

Уредувањето на градежното земјиште надвор од градежниот опфат на градот Пехчево или населените места ќе се врши со донесување на Одлука на Советот на општината и согласност од надлежното

Министерство, на основа на изработени Локално планска урбанистичка докумантација вон населеноп место.
Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместок за уредувањето ќе се врши сопрема стварните трошоци.

1.2 Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањетио не е предвидено со Програма, го врши инвеститорот на свој сопствен трошок.

## 2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

2,1 Градежното земјиште за локацијите од точка 1,1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура ( основа уреденост) на следниот начин;

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа м;
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа;
- Расчистување на имотно-правни односи
- Рушење на објекти
- Надоместок на експропријација на градежно земјиште
- Граници на зони во потесниот градежен реон
- Извори на средства за финансирање на активности околу уредување на градежно земјиште и изградба на комунална инфраструктура.

 Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти
- Изградба на улици и тротоари
- Изградба на улична водоводна мрежа во градот Пехчево и населените места, како и системи за водоснабдување во руралните подрачја,
- Изградба на улична фекална и атмосверска канализација мрежа во град Пехчево и населените места ,како и системи за одводнување и прочистување на отпадни води во населените места во општината.

 Урбана опрема
 Одводниување и прочистување на отпадни води
 Јавна чистота
 Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило
 Изградбха иодржување на јавно осветлување
 Одржување на спомен обележја

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електрична мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување на ПТТ мрежа,што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатија што управуваат со истите.
Степенот на уредување ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средства (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

3 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ЗОНИ И РЕАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СЛЕДНИОТ ИЗНОС

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

- геодетски работи ------------------------------------ 20,00 ден/м2
- проектирање ---------------------------------------- 30,00 ден/м2
- улица (пробиена)------------------------------------ 350,00 ден/м2
- водовод---------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација --------------------------------------- 200,00 ден/м2

ВКУПНО------------------------------ 800,00 ден/м2

3.2 За локации за повисок степен на уреденост:

- геодетски работи ----------------------------------- 20,00 ден/м2
- проектирање --------------------------------------- 30,00 ден/м2
- улица (асфалт) -------------------------------------- 500,00 ден/м2
- водовод --------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација---------------------------------------- 200,00 ден/м2

ВКУПНО----------------------- 950,00 ден/2

3.3 Надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2 ( втора) зона се намалува за 15%.

